НОВОГОДИШНА БОЕМСКА ПРИКАЗНА

НОВОГОДИШНА БОЕМСКА ПРИКАЗНА
Суботица-Палич-Сегедин-Бања Morahalom

(30.12.2026 – 03.01.2027)



Време е за салаши, за тамбураши, за домашни специјалитети, за старограда музика и за релакс во термална бања... Време е за новогодишна забава за паметење!

Прв ден: 30.12.2026 (среда)

21:30 часот заминување на групата од Кавадарци и во 23:00 часот од Скопје кон Војводина со туристички автобус преку граничниот премин Табановце, со попатни одмори.

Втор ден: 31.12.2026 (четврток)

Пристигнување во претпладневните часови во Суботица, преубав град на северот од Војводина, градот кој извесно време бил под Австро-Унгарска власт што имало најголемо влијание врз стилот на градбите. Краток одмор од патувањето и организиран разглед на најзначајните објекти со локален туристички водич. Во центарот на градот доминира Градската куќа како најголема атракција и Народниот театар. Една од најрепрезентативните градби во бароктен стил е Катедралата градена кон крајот на XVIII век, а најубав пример за градба во стилот на сецесијата е Рајхловата Палата, некогашна семејна куќа на архитектот Ференц Рајхл. Потоа сместување на групата во хотел ***„Forum Garni“4**** (https://www.forumhotel.rs/) лоциран во самиот центар на градот на главната пешачка улица, опкружен со најубавите градби, ресторани, кафетерии и продавници... Слободно време за одмор и за индивидуални прошетки низ центарот кој живее во вистинска предновогодишна атмосфера. Во вечерните часови заминуваме на организиран дочек на Новата Година во еден од најатрактивните ресторани во овој дел од Војводина - Јелен Салаш. Тука, во овој ресторан во автентична атмосфера на вистински салаш и свечена трпеза со домашна храна ќе ја дочекаме Новата Година со звуците на реномиран тамбурашки оркестар што ќе не` забавува во живо. Враќање во хотелот. Ноќевање.

Трети ден: 01.01.2027 (петок)

Појадок. Првиот ден во Новата Година ќе го започнеме релаксирано, во природа. Заминуваме кон најголемото природно езеро во Војводина, езерото Палиќ за кое постојат записи уште во XV век. Три века подоцна започнале испитувањата за лековитоста на водата и тоа бил почетокот на изградбата на бањата која и денес постои. Со локален туристички водич ќе прошетаме покрај езерото и во околината и ќе ги разгледаме објектите кои се наоѓаат тука: малата гостилница, големата тераса, големиот парк, Музичкиот павиљон, Спомен чешмата, Споменикот на Лајош Вермеш, плажата. Во договореното време се враќаме назад во хотелот. Слободно време за одмор и за индивидуални акивности. Во вечерните часови заминуваме на уште една незаборавна забава - прослава на репризата на Новата Година во уште еден вистински бисер на салашите во Војводина - Мајкин Салаш. Идеален спој на традиционална храна, и секако, забава со тамбураши во живо- тоа е доволно за уште една вечер за паметење. Враќање во хотелот. Ноќевање.

Четврти ден: 02.01.2027 (сабота)

Појадок. Денот што е пред нас ќе биде посветен на комплетна релаксација на душата и телото. Планираме целодневен излет во соседна Унгарија и посета на еден од најубавите градови - Сегедин кој со право го нарекуваат мала Виена (факултативно). Градот е познат по својата преубава архитектура; за време на разгледот ќе го видиме Музејот на познатиот писател Ferenc Mora, остатоците од Сегединскиот дворец, хотелот Tisa - некогашно место каде се собирала Сегединската елита, Плоштадот посветен на грофот Istvan Secenjij во кој се наоѓаат некои од најубавите промероци на унгарскарта сецесија, плоштадот Dugonjic на кој е изграден Сегединскиот Универзитет, Катедралната Црква и Плоштадот. Во договореното време се упатуваме кон малиот град Mako каде се наоѓа бањата Hagymatikum, единствена во овој дел по специфичната архитектура и термалната лековита вода. Зградата е проектирана од познатиот архитект Imre Makovec и овој комплекс е еден од најзначаните дела на унгарската органска архитектура. На располагање на посетителите се 18 базени и 9 различни сауни. Слободно време за релаксација во базените со термална вода. Во вечерните часови се враќаме назад во хотелот во Суботица. Ноќевање.

Петти ден: 03.01.2027 (недела)

Појадок. Се одјавуваме од хотелот и заминуваме кон Македонија.
Пристигнување во вечерните часови.

ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ.....399 евра (24.740 денари)
(плаќање во денарска противвредност)

Во цената на аранжманот се вклучени следните услуги:

- Превоз со туристички автобус
- Три ноќевања со појадок во хотелот „Forum Garni“ 4**** во центарот на Суботица
- Организиран дочек на Новата Година во Јелен Салаш: свечена вечера со музика во живо - тамбураши
- Организирана реприза на Новата Година во Мајкин Салаш: вечера со музика во живо – тамбураши и неограничени домашни пијалоци
- Организиран разглед на Суботица и Паличко Езеро
- Локален туристички водич за време на сите разгледи
- Организација на патувањето и лиценциран туристички придружник

Во цената на аранжманот не се вклучени следните услуги:

- Туристичка такса (се плаќа во агенцијата) – 1,5 евра по лице од вечер
- Пијалоци за време на Новогодишната вечера
- Организирана посета на Сегедин и влезница во бањата Hagymatikum – 25 евра
- Патничко осигурување

За реализација на аранжманот потребни се минимум 35 патници